АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр. Nr. 08-282/2
27.03.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Институтот на овластени ревизори на РМ
Г. Драган Димитров, претседател
Ул. 11 октомври бр.52А/1-3, 1000 Скопје

Предмет: Известување
Врска: Допис ваш број 0302-134/01 од 23.3.2020

Почитуван,

Во врска со Вашето барање под горенаведениот број и датум, дозволете да ве известиме дека ставот на Агенцијата за супервизија на осигурување е дека друштвата за ревизија кои извршиле ревизија на годишните извештаи за работењето на друштвата за осигурување треба по електронски пат да го достават до Агенцијата извештајот за извршената ревизија, на е-адреса izvestai@aso.mk.

Ве молиме, при комуницирање на овој наш став со членките на Институтот, да го реобјавите интегрално ставот на Агенцијата за супервизија на осигурување искажан за ова прашање во циркуларниот допис бр. 08-828/1 од 11.12.2019 г. испратен до друштвата за ревизија, кој го приложуваме кон ова известување.

Со почит,

Претседател на Советот на експерти
Крсте Шајноски

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-828/1
11. 12 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До
Друштвата за осигурување
Друштвата за ревизија

*Циркуларен допис*

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во рамките на законските надлежности кои произлегуваат од членот 158-б став (1) точка 4), членот 74 и членот 122 од Законот за супервизија на осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување донесе измени и дополнувања на четири правилници, после повеќемесечна јавна расправа. Истите се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 170 на 16 август 2019 година.

Целта на донесените измени и дополнувања на подзаконската регулатива од областа на осигурувањето е: i) да се воспостават правила за вреднување и известување за одложени трошоци за стекнување; ii) да се променат правилата за пресметка на капиталот на друштвата за осигурување за супервизорски, пруденгни, цели; iii) да се променат правилата за вреднување на недвижностите на друштвата за осигурување за супервизорски цели; и iv) да се промени основот за признавање на приходите по основ на реализирани регресни побарувања, со цел истите да се признаваат наповеродостојна основа во финансиските извештаи.

Во оваа прилика дозволете да се повикаме на дел од постојната регулатива за известување на друштвата за осигурување.

Имено, во согласност со одредбите од членот 120 став (3) од Законот за супервизија на осигурување, друштвата за осигурување доставуваат примерок од годишниот извештај за работењето заедно со извештајот за извршената ревизија во рок од осум дена од денот на усвојувањето на годишниот извештај за работењето до Агенцијата за супервизија на осигурување. Во согласност, пак, со одредбите од членот 131-а став (1) од Законот за супервизија на осигурување, друштвата за ревизија доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување ревизорски извештаи од извршената ревизија на друштвата за осигурување.

Во согласност со одредбите од членот 4 став (1) точка 3) од Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување, друштвата за осигурување треба во белешките кон финансиските извештаи да обелоденуваат дополнителни податоци кои не се презентирани на друго место во финансиските извештаи, но се потребни за разбирање на кој било составен дел на истите. Овие податоци ги опфаќаат најмалку податоците наведени во Прилог 2 од овој правилник и се негов составен дел. Во согласност, пак, со одредбите од членот 5 ставови (5) и (6) од правилникот, во однос на финансискиот резултат, друштвото за осигурување треба да ги обелодени главните категории на приходи и расходи

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

на друштвото за деловната година и да ги објасни промените на секоја поединечна ставка во споредба со претходната деловна година. Во однос на финансиската состојба, друштвото за осигурување треба да ја обелодени структурата на средствата и обврските во билансот на состојба по категории на средства односно обврски и да ги објасни промените на секоја поединечна ставка во споредба со претходната деловна година.

Имајќи ги предвид горенаведените барања од регулативата за водење на сметководство и известување на друштвата за осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување со овој допис, навремено ги известува друштвата за осигурување и друштвата за ревизија дека очекува кон обелоденетите износи за состојбата на одредени ставки од билансот на состојба на 31.12.2019 година, за обелоденетите износи на реализирани приходи и расходи по одделни билансни категории во билансот на успех за 2019 година, обелоденетите износи во извештајот за пресметка на капиталот и во дополнителните финансиски извештаи, како и во годишниот извештај за работењето, **да обелоденат и информации за применетите политики и методологии за вреднување на секоја поединечна ставка, како и за плановите за усогласување со новата регулатива за вреднување на одложени трошоци за стекнување и ефектите од тие промени врз финансиското известување, доколку се релевантни.**

Исто така, обрнуваме внимание на **содржината на годишните извештаи, која целосно треба да ги почитува елементите дефинирани во членот 5 од** Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување, како и на формата на доставување на годишните извештаи до Агенцијата.

Имено, финансиските извештаи, годишниот извештај за работењето и комплетните, вклучувајќи ги и дополнителните, ревидирани извештаи треба да бидат доставени **задолжително во електронска форма** до Агенцијата за супервизија на осигурување. За доставување на извештаите по електронска пошта друштвата да ја користат следната адреса: izvestai@aso.mk.

Со почит,

**Професионално ангажиран член**
**на Советот на експерти**

Сулејман Ахмеди